Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 24.04. 2018 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на единаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Единаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 30.04. 2018 година (понеделник ) со почеток во 14:00 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

- Усвојување на Записникот од десеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 29. 03. 2018 година;

**Точка 1**
Предлог - Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението на Општина Свети Николе од заразни болести во 2018 година;

**Точка 2**
Предлог – Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Свети Николе за 2018 година;

**Точка 3**
Изменување и дополнување на Годишен план за вработување за 2018 година на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за давање во сопственост недвижна ствар на Општина Лозово;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на пречистен текст на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 6**
Предлог – Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената за користење на Градска депонија од страна на Јавното комунално претпријатие од Општина Лозово;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарна одлука за измена на Статут бр. 0101-587/3 од 21.11. 2014 година на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на цената за користење на Градска депонија од страна на Општина Лозово;

**Точка 9**

Предлог – Одлука за измена на распоредот на середствата во Буџетот на Општина Свети Николе за 2018 година;

**Точка 10**

Предлог – Решение за избор на членови на Советот на млади на Општина Свети Николе;

**Точка 11**

Предлог – Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Свети Николе во Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе

**Точка 12**

Барање од Секторот за урбанизам за лицето Васил Соколов;

**Точка 13**

Барање од Секторот за урбанизам за лицето Данче Кралев;

**Точка 14**

Барање од Секторот за урбанизам за лицето Весна Станишковска;

**Точка 15**

Барање од Секторот за урбанизам за лицето Оливер Величковски;

**Точка 16**

Барање од Црковниот Одбор – црква Свети Кирил и Методиј во Бареш;

**Бр. 0801- 107**
**24.04. 2018 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов**